Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 148/0306
26.07 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28.06.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР Центар“ го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**„Инфомакс “ во објавата „Кој сака нека честита: Скопје пак ќе има геј парада“ не го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија но го прекрши членот 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 5 јуни 2023 година, „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за објавата „Кој сака нека честита: Скопје пак ќе има геј парада“, објавена на 4 јуни 2023 година, на интернет порталот Инфомакс.мк (www.infomaks.mk.)
Во жалбата се наведува дека со објавувањето на оспорената содржина, во коментарите на Фејсбук страницата на интернет порталот има елементи на говор на омраза и дискриминација.

Исто така, жалителот потенцира дека преку објавување на оспорената содржина со наведениот наслов, читателите биле охрабрени и поттикнати да ширaт дискриминаторски содржини но и коментари со говор на омраза.

Воедно, жалителот укажува дека воопшто не се модерирани коментарите од администраторите на редакцијата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Инфомакс.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и со мнозинство гласови одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, но има прекршување на дополнителните насоки за известувањето на онлајн медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 28 јуни 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Еден член на Комисијата сметаше дека е прекршен членот 10 од Кодексот на новинарите, бидејќи насловот е со негативна конотација иако во веста само се пренесува изјавата на Ирена Цветковиќ и нема одредени стереотипи. Друг член на комисијата сметаше дека со насловот се мешаат факти и коментари и затоа е прекршен член 13 од кодексот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Мнозинството членови сметаа дека нема ништо спорно во објавата и дека насловот е само став на медиумот кон оваа активност. Што се однесува до коментарите на социјалните медиуми тие навистина содржат дискриминаторски говор и говор на омраза и затоа сметаме дека е прекршен член 20 од Насоките за етичко известување во онлајн медиумите. Според овој член онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него. Онлајн медиумот ќе дефинира правила за уредување на коментарите на читателите во просторот за слободно коментирање под објавените текстови и содржини. Тие правила ќе бидат објавени на платформите на кои содржината се објавува и ќе содржат: информации за регистрирањето на коментарите, почитувањето на правилата на коментирање, недозволени содржини во коментарите, причина за отстранување на коментарите и др.

Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.

Комисијата констатира дека во случајов не станува збор за прекршување на Кодексот, но, има прекршување на дополнителните насоки за известувањето на онлајн медиумите во делот на администрирање на коментарите на официјалните профили на социјалните медиуми. Во овој случај констатирано е прекршување на Член 20 од дополнителните насоки за известувањето на онлајн медиумите:

<u>Член 20 – Одговорност за објавувањето коментари од читатели.</u>
20.2.Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.

20.3.Онлајн медиумот ќе дефинира правила за уредување на коментарите на читателите во просторот за слободно коментирање под објавените текстови и содржини. Тие правила ќе бидат објавени на платформите на кои содржината се објавува и ќе содржат: информации за регистрирањето на коментарите, почитувањето на правилата на коментирање, недозволени содржини во коментарите, причина за отстранување на коментарите и др. Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595